| Неделна Тема | Како да се заштитам од опасности |
|---|---|
| **Содржина на денот** | Опасни игри дома и надвор |
| **Возраст** | 3-4 години |
| **Воспитувач** | Бојана Алексоска |
| | **Дневни активности** |
| **Здрави и безбедни навики** | Усвојување на здрави и безбедни навики на однесување кога сме дома, во градинка и надвор. |
| **Активности** | Децата се неуморни истражувачи и учат непосредно преку игра. Додека играат Вашите деца, Вие како родители бидете постојано присутни и насочувајте ги на правилна и безбедна игра и кога сте дома и кога сте надвор. Разговарајте кои нешта во домот не се безбедни да ги прават и објаснете им какви повреди може да се случат кои ќе ја загрозат нивната безбедност и здравје. Разговарајте и кога одите надвор и посочете му места кои се безбедни за игра, како и начините на кои треба да игра и како да избегне штетни и опасни ситуации.<br>Заеднички може да изработите постер со примери за штетни и опасни ситуации дома и надовор. Може да испринтате сликички од интернет или пак Вашите деца нека ги нацртаат сами и под секоја слика запиште го правилото. Закачете ги постерите на видно место во нивните соби, за да може децата постојано да ги набљудуват и да ги усвојат овие навики.<br>Додека децата секојдневно играат дома и надвор, бидете им Вие другари и заеднички креирајте разни имитативни игри преку кои ќе ги утврдувате правилата за безбедно однесување. |